# Правила за процесот на регистрација и права на субјектите на лични податоци

## Правила за процесот на регистрација

За купување на нашата веб страна не мора претходно да се регистрирате. Процесот на регистрација е многу едноставен и потребно е да ги внесете само Вашите лични податоци односно, име и презиме и Вашата е-маил адреса. Со финализирањето на процесот на креација на корисничка сметка, Мега ќе Ви испрати меил за да можете да ја потврдите Вашата корисничка сметка. За да можете да ја активирате Вашата корисничка сметка потребно е да го притиснете добиениот линк на меилот од info@mega.com.mk и да се регистрирате во рок од 5 минути по добивање на меилот. По направената регистрација, потребно е да се најавите. На почеток на веб страната на Мега се наоѓа паѓачко мени каде што корисникот може да одбере повеќе опции. При влезот на веб страната на корисникот му се препорачани продукти, производи кои се на промоција, и промоции и флаери на Мега. На веб страната на Мега има повеќе табови со различни категории. Со избор на табот за производи или промоции ќе се отвори страна со набројани производи. Доколку не знаете на која категорија и припаѓа производот кој Ве интересира, можете да го искористите полето за пребарување кое се наоѓа во горниот десен агол на секоја страница. Во полето можете да ја внесете шифрата на производот, името на брендот, намената и сл. при преглед на производите кои се достапни за купување, ќе приметите од десна страна под производот поле "Додади". Со кликнување на тоа поле повеќе пати ќе бидете известени дека продуктот е веќе во Вашата кошничка.

## Лозинка

За креирање на корисничка сметка задолжително треба да внесете сигурносна лозинка. Лозинката е по избор на корисникот и нема посебни барања за должината односно содржината на лозинката. Со цел заштита на Вашите личните лични податоци Мега препорачува да користите силна лозинка, односно Вашата лозинка да е од најмалку 8 алфанумерички знаци од кои една голема буква и еден посебен симбол. При креација на корисничка сметка Мега ќе Ве извести за заштитното ниво на Вашата лозинка. Нивото на заштита на лозинката зависи од големината и содржината на Вашата лозинка. Заштитните нивоа на лозинката се: ниско, средно, високо и највисоко.

Вие можете да ја промените Вашата лозинка. За да ја промените лозинката, при регистрирање по запишување на Вашиот меил, притиснете на опцијата Заборавена лозинка, која што ќе Ве однесе во нов прозорец каде што ќе треба да ја запишете Вашата електронска адреса. Мега повторно ќе Ви испрати линк на Вашата електронска адреса, каде што со кликање на линкот ќе можете да ја промените Вашата лозинка.

## Директен маркетинг

Со завршување на процесот на креирање на корисничка сметка ќе се отвори новокреираната корисничка сметка. На средина на веб страната ќе добиете опција да се согласите за директен маркетинг. Со кликнување на квадратчето „Да, се согласувам за директен маркетинг преку SMS/Viber и newsletter/email.", Вие давате изречна согласност Мега да Ве контактира преку

дигитални канали за цел на директен маркетинг. За остварување на правата на субјектот на лични податоци во продолжение на текстот.

## Права на субјектот на лични податоци

- Идентитет и контакт на податоците на Контролорот:

Назив: Друштво за транспорт, градежништво, трговија, производство и услуги Мега Доо увоз-извоз, Куманово, e-mail: info@mega.com.mk;

- Контакт податоци за офицерот за заштита на личните податоци:

Име и презиме: Вања Ш.Стојановски

## Нашата визија за заштита на личните податоци

Мега да е контролор на лични податоци кој има воспоставено систем за заштитата на личните податоци. Мега да во својство на контролор на личните податоци врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на своите корисници, применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување набезбедност на обработката на личните податоци.

## Цели и правен основ за обработка на Вашите лични податоци:

- Мега да ја обработува Вашата електронска пошта (е-маил) – за цели надоставување на редовни известувања кои произлегуваат од вашиот договорен однос (заостанат долг);
- Мега ја обработува Вашата електронска пошта (е-маил), Телефонски број (телефонски број, Вибер сметка и поретко СМС) за цели на директен маркетинг, електронско известување или профилирање;
- Мега ја обработува Вашата електронска пошта (е-маил), Телефонски број (телефонски број, Вибер сметка и поретко СМС) за доставување на новости поврзани со Мега (newsletter, вибер);
- Мега ја обработува Вашата електронска пошта (е-маил), Телефонски број (телефонски број, Вибер сметка и поретко СМС), име и презиме и адреса за достава на продукти;
- Мега ги обработува Вашите лични податоци за да врши комуникација со надлежни државни инстутции во законоски предвидена постапка;
- Мега ја обработува Вашата електронска пошта (е-маил), Телефонски број (телефонски број и поретко СМС), име и презиме за известување за интервјуа за вработување;
- Мега ги обработува Вашата електронска пошта (е-маил), Телефонски број (телефонски број, Вибер сметка и поретко СМС) за достава на анкета за задоволство;
- Мега ги обработува Вашето име и презиме, ЕМБГ, адреса на живеење, електронска пошта (е-маил), Телефонски број за давање осигурување на мобилна и техничка опрема;

## Рокови на чување на Вашите лични податоци

Вашата електронска пошта (е-маил) која се обработува од страна Мега има за цел да ви доставува редовни известувања. (Е-маил) адреса ќе се обработува и чува се додека постои законска обврска за доставување редовно известување. Вашето име и презиме, електронска пошта (е-маил), адреса на живеење и телефонски број кои се обработуваат за цели на директен маркетинг ќе се обработуваат и чуваат се до повлекување на Вашата согласност за нивна обработка за наведената цел.

## Кои се Вашите права?

Со цел да ги остварите Вашите права кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци (право напристап, корекција, бришење, ограничување на обработката на Вашите лични податоци, приговор и преносливост),упатете ги на info@mega.com.mk. Доколку сметате дека е повредено некое Ваше право за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање за утврдување на прекршување на прописите за заштита на личните податоци пред Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија.